СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од продолжението на Седумдесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 септември 1994 година

Скопје, септември 1994 година

**ДИСКУТАНТИ НА 79-та СЕДНИЦАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 7.IX.1994г.**

1.АНДОНОВСКИ ГОЦЕ – 8
2. АБДИ ФАИК – 8
3. МУРТЕЗАНИ АВДИ – 1, 2, 7
4. ПАНОВСКИ МИХАИЛ – 5
5. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН – 9
6. ШАКИРИ ХИСНИ – 4

дневен ред:т.1 Одлука за разрешување и именување претседател, секретар, членови и нивни заменици на Републичката (Државна) изборна комисија

Седницата заврши – дневниот ред е исцрпен

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од продолжението на Седумдесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 7 септември 1994 година**

Седницата се одржа во големата сала во градата на Собранието со почеток во 14,45 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме доволен број присутни пратеници (75) и можеме да почнеме со работа.

Продолжуваме со седницата.

Пратениците Џеладин Мурати, Тодор Петров, Димитар Поповски, Јордан Бошков, Никола Стојановски ме известија дека поради оправдани причини е се во состојба да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинство пратеници и Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме по Предлогот на одлуката за разрешување и именување претседател, секретар, членови и нивни заменици на Републичката (Државна ) изборна комисија.

Има збор г-динот Муртезани, сака да објасни како ќе гласа.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувано претседателство,д ами и господа пратеници.

Според Деловникот на Собранието на Република Македонија имам право да се изјаснам како ќе гласам. Но, пред тоа должен сум едно објаснување пред сите. Пред околу половина час до Комисијата за избори и именувања на Собранието на Република Македонија поднесов предлог за изменување и дополнување на постојната одлука што се предлага да се усвои по првата и втората точка. Иако поднесени- те од порано до мои колеги пратеници, дали од ВМРО или од други предлози биле одбиени од страна на Комисијата и знаејќи дека исто така и за мојот предлог така ќе се одлучи, меѓутоа должи објаснување претседателот на Комисијата, за сите да каже дека имам поднесено предлог за изменување и дополнување на одлуката, со тоа да се исполнат сите деловнички постапки и да може да се гласа. Ако предлогот бил задоцнет тогаш требало да се знае по Законот и Деловникот да се упати до Собранието и Собранието да одлучи. Според тоа првата забелешка е оваа.

За втората ако претседателот на Комисијата овде пред говорницата не каже дека јас имам поднесено предлог имам или немам...

**СТОЈАН АНДОВ:**

За која одлука зборувате за првата или за втората.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

За првата, а едновремено и за втората.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За првата е заклучен претресот и затоа не може никој да прима амандмани и да разгледува.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Во ред, тогаш ќе гласам против одлуката односно нема да учествувам во гласањето. Не би с,акал да сносам преголема одговорност аз недемократски втори избори во Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, според тоа нема амандмани на акт по кој претресот во Собранието е заклучен.

Молам, кој е за Предлогот на одлуката да крене рака?

58 пратеници се за.

Дали е некој против?

1 е против.

Дали некој се воздржува од гласање?

13 пратеници се воздржуваат од гласањето.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претседател, секретар, членови и нивни заменици на Републичката (Државна) изборна комисија.

Минуваме на **второта точка** од дневниот ред.

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење до седум минути, а координаторите на пратеничките групи во траење од 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

49 пратеници се за.

Дали е некој против?

25 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласањето?

1 пратеник се воздржува од гласањето.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот на одлуката за именување претседатели, секретари , членови и нивни заменици на Изборните комисии на изборните единици за избор на пратеници на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката и измените и дополнувањата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Почитувани пратеници, тргнувајќи од фактот дека на подрачјето на општина Куманово во 7 изборни комисии до 40% избирачкото тело го сочинуваат албанците. Според составот на комисиите во овие изборни единици мојата констатација е дека ни за нијанса не се поклопува со националната структура на оваа општина. Токму од овие причини јас не можам да гласам за одлуката за именување на претседатели, секретари, членови и нивни заменици за изборните единици за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Имајќи ја предвид тежината на оваа проблематика јас мислам дека е потребно за Куманово да се коригира предложената листа бидејќи не е фер ниту хумано во 8 изборни единици од 40 членови само 5 члена се албанци. И според сите демократски критериуми не може да се смета ова за принципиелна работа, кога знаеме дека избирачкото тело на оваа општина не е помалку од 40% во корист на албанците. Бројката од 5 членови во 8 комисии ја достигнува проценката од 12,5%. Јас барам секој од пратениците да направи една математичка пресметка помеѓу 40% и

12,5% и ќе се уверите господо, дека предложената листа не е објективна и не одговара на националната структура на оваа општина.

А, што е најеклатантен пример и во изборните единици каде што живее чисто албанско население нема повеќе од два члена албанци, а 9 2% од претседателите на 120 изборни комисии се македонци, а само 8% се албанци. Според горе наведените факти дури сега се гледа колку ќе бидеме рамноправни во престојните избори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој уште бара збор?

Има збор Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, дами и госпдоа, сметам дека е потребно да кажам овие комисии што се предложени ги предложи и ќе ги изгласа власта. Ние како пратеници од опозицијата, поготово тие што не партиципираме во Комисијата за избори и именување, воопшто не сме ниту консултирани ниту прашани, и на овој начин какао што се предложени овие изборни комисии сметам дека не даваат за право да се надеваме дека ќе имаме чесни избори во Република Македонија.

Сметам дека старите комисии од минатите избори беа навистина добри и мислам дека немаше потреба да се менуваат така драстично тие комисии. Критериумите според кои се предложени луѓето во овие комисии јас навистина не ги знам. Тука има околу 1200 луѓе кои што навистина човек не може да ги познава. Единствено една личност која што е знам по еден навистина тежок инцидент што се случи ја гледам овде во изборната единица 96 и тоа навистина ме револтира. Дали може

личност која на официјален спортски натпревар напаѓа новинар на своето работно место со нож да го боде пред две илјади гледачи, пред очите на целата македонска јавност, тоа сите да го видиме на телевизија и истиот тој човек да го гледам овде предложен во изборната единица број 96. Имено,се однесува за предлогот, а се работи за генералниот секретар на Фудбалскиот сојуз на Македонија Илија Атанасовски. Сите многу добро знаеме за инцидентот што беше направен пред неколку месеци каде што новинарот Миленко Неделковски само по игра на случајот спаси жива глава. Дали предлогот на вакви луѓе кои што се спремни на тие што не размислуваат исто како нав да одат на вакви начини да се пресметаат, може да влее доверба кај сите нас дека сме спремни да одржиме едни чесни избори. Мислам дека на оваа држави и се потребни чесни избори кои што чесни избори ќе ги признаат и тие што победиле и тие што ќе ги изгубат изборите. Затоа сметам дека вакви личности не можат да бидат членови на комисии. Сметам дека критериумите по кои се биранисигурно не треба да бидат овие и доколку сите овие личности што се овде предложени се според овие критериуми бирани, тогаш тврдам дека овие луѓе, ако се сите како предложениот што го спомнав, ќе одат на најбрутална репресија спрема оние што не размислуваат како нив. Значи јас нема да гласам за овој предлог на комисијата за избори и именувања, бидејќи предлагајќи вакви личности не влева доверба кај мене како пратеник дека навистина се сака да се одржат чесни избори во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор.

Збор бара г-динот Муртезани.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Не сум задоволен од Предлог одлуката на Комисијата за прашања на изборите и именувањата при Собранието на РМ, од следните причини: предложената листа на предложените кандидати како за претседатели, членови нивни заменици на изборните комисии за избор на пратеници во Собранието на РМ, сметам дека се направени големи пропусти . Предложените кандидати, некој што јас ги познавам нема со успех да одговорат на нивните задачи, а од друга страна , според тоа што го гледам за изборните единици во тетовско не одговара на фактичката положба, односно не одговара на составот на населението. Во ниедна од Комисиите немаме претставник од турска националност, од ромска националност ниту од муслиманска националност. Од друга страна присуството на албанците во тетовско е најмалку 76%, а во комисиите учествуваат со помалку од 50%. Во конкретниов случај за изборните единици број 76 е предложен за член кандидат кој работи во органот на МВР во Тетово. Сметам дека тој со своето присуство ќе влијае , а овде е прикриен како да работи во општина Тетово. Исто така, за изборната единица број 81 е предложен кандидат од албанска националност кој воопшто не е присутен во земјата туку е на времена работа во Швајцарија тие измени не се направени.

И трето сакам да го искажам моето незадоволство поради тоа што со предлагање на кандидати Народната демократска партија не е консултирана како член на опозицијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Андоновски.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас имав амандман поднесено до Комисијата за избор и именувања за измена на двајца кандидати и тоа за претседателот во изборната единица број 63 и за секретарот во изборната единица 62. И тоа од следниве причини, и сметам овде да ги изнесам, и ако за жал во образложението што вам Ви е доставено, тој дел на кој беше мојата цел и мојата поента не се изнесени. Целта беше следната: барем досега, ако важи стариот закон за избор на пратеници и одборници, согласно член 12 став 1 од истиот закон, по правило претседател на изборната единица би требало да биде судија или дипломиран правник. Овде во оваа изборна единица, не навлегувајќи во тоа какви се квалитетите на предложениот кандидат, е предложен обвинител, што сметам дека е нарушено тоа правило. Во изборната единица број 62 е предложен дури економиста, не е ниту правник. Токму затоа сметам дека орастребаше да го има предвид Комисијата за избор и именувања, за што сите ние ако се најдеме во одделни во одредени моменти можеме да бидеме добри кројачи, што ќе скројат навистина едни прави демократски избори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор, г-динот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван г-дин претседателе, дами и господа пратеници, интересна работа е што се случува вчера и денес, овде кај нас, во Собранието, разгледувајќи ги овие материјали што значат почеток на една предизборна и изборна кампања за избор на пратеници во Собра-нието на Република Македонија. Очевидно сите сме заинтересирани и

би требало секој поединец да биде консултиран дали треба да биде составот на комисијата ваков или онаков и не знам кој друг состав, меѓутоа, според мое сознание сакам да кажам дека овие комисии што се предложени, тие ќе си ја вршат работата што произлегува од Уставот и законите. Меѓутоа, ако одредено лице, има избирачко тело , нема комисија која што може да му наштети и заради тоа не треба да се бавиме многу со оваа работа. Треба да дадеме една доверба зошто не е важно од каде е човекот во таа комисија. Што може тие да кројат таму кога народот гласа за одреден кандидат. Ние овде 4 години се покажавме овде кој сме и што сме. Народот не избира и што има понатаму да расправаме. Имаме ние перфектни граѓани, перфектни луѓе, перфектни пратеници овде . Народот ќе биде тој арбитар што ќе каже, а не тие комисии. Нема што кроење понатаму. И да не ги навредуваме тие личности што се предложени за членови на комисиите. Видете, мислам дека во принцип би требало да има застапеност од албанците, турците, ромите, власите, меѓутоа што е тоа е. Не може само да има роми предложени за претседатели ако нема од нив судии, макар да има правници. Тоа не е битно. Ние имаме избирачко тело и ниедна комисија не може да го поништи тоа тело, ако избирачите гласаат онака како што е со законот уредено. Да го усвоиме ова и нека ни е на здравје.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги, вчера и јас исто така поднесов амандман во врска со изборната единица 38 општина Крушево. Составот на комисиите е таков што нема претставник од

страна на албанците, а знаеме дека во таа општина живеат голем број албанци. Тоа може да се докаже со 11 одборници во општината. Предложив да биде правникот дипломиран г-динот Ахмед Ахмети, меѓутоа амандманот не е поделен на пратениците туку само на Комисијата. Не сум задоволен од Комисијата за избор и именувања со одговорот со кој му се обраќа на претседателот на Собранието г-динот Стојан Андов дека сите амандмани не се прифатени, без никакво образложение. барам претседателот на комисијата да објасни што е образложението во врска со овие амандмани вчера поднесени од мене и од другите колеги.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по одлуката.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака?

52 пратеници гласаа за.

Дали е некој против?

2 пратеника гласаа против.

Дали некој се воздржува; од гласање? 16 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за именување, претседатели, секретари, членови и нивни заменици на изборните комисии на изборните единици за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Седумдесет и деветтата седница на Собранието.

Седницата заврши во 15,10 часот.